Агенција за поддршка на претприемништвото
на Република Македонија АППРМ
Бр. 02-4
10.01. 2004 год.
СКОПЈЕ

Врз основа член 11 од Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (Службен весник бр.60/2003), Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија на состанокот одржан на ден 09/ 01/ 2004 го донесе следниов:

# СТАТУТ

# На

# АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ДЕЛ I. Општи одредби

*Член 1.*

Со овој Статут се уредува организацијата и роботењето на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (во натамошниот текст: АППРМ) како и надлежноста на органите на АППРМ.

*Член 2.*

АППРМ се основа како правно лице кое е самостојно во својата работа. АППРМ има свои права, обврски утврдени со Закон и со овој Статут.

*Член 3.*

Седиштето на АППРМ е во Скопје на следната на адреса: Јуриј Гагарин 15

*Член 4.*

АППРМ има свој печат и штембил.

*Член 5.*

Печатот на АППРМ има кружна форма.
Во средината на печатот стои испишана со печатни големи букви скратеницата од името на Агенцијата –АППРМ.
Печатот на АППРМ го содржи следниов текст: “Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија – Скопје”. Овој текст се испишува во близина на рабовите на печатот.
Текстот на печатот на АППРМ се пишува на македонски јазик со кирилично писмо.

*Член 6.*

Штембилот на АППРМ е со правоаголен облик. Штембилот го содржи следниов текст: "Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија – Скопје" и дел во кој треба да се впишат датумот на прием на поднесокот, број под кој поднесокот ќе се заведе и број на прилогот кон поднесокот.

*Член7.*

За употреба на печатот е одговорен Директорот на АППРМ или лице кое тој ќе го овласти.

*Член 8.*

АППРМ има и заштитен знак кој ќе се користи во работењето со трети лица.

*Член 9.*

АППРМ има жиро-сметка во една од Банките кои се носители на платниот промет во Република Македонија.

## ДЕЛ II. Предмет на работа на АППРМ

*Член 10.*

АППРМ има за задача да придонесе кон зголемувањето на економскиот развој и вработеноста преку промоција и поттикнување на претприемништвото и малото стопанство во Република Македонија.

АППРМ ја реализира Програмата на мерки и активности за подршка на претприемништвото и создавање на конкуретност на малото стопанство во Република Македонија.

*Член 11.*

АППРМ ги има следниве функции:

- собира и анализира информации за малото стопанство
- подготвува иницијативи кои се релевантни за потребите на малото стопанство и политиките кои се воспоставени од Владата
- креира и одржува дата бази релевантни за потребите на малото стопанство, Владата и други институции
- подготвува и имплементира нови економски програми кои се релевантни за потребите на малото стопанство, а се во согласност со политиките на Владата
- поддржува апликација на иновации и воведување на модерни технологии во работата на малото стопанство
- подготвува материјали за образување на претприемачите и малото стопанство, за да им помогне во отпочнувањето и управувањето на сопствен бизнис

- координира и развива мрежа на институции за поддршка на развојот на претприемништвото и малото стопанство
- учествува во реализацијата на проекти кои овозможуваат деловна соработка, партнерства и поврзување на економиите од регионот, ЕУ и пошироко
- ги координира националните партнери и програми за поддршка на малото стопанство и програмите за претприемништво финансирани од донаторите
- обезбедува финансиска поддршка на нови економски програми за поддршка ма претприемништвото и малото стопанство
- ги известува Министерството за економија и Владата за потребите на претприемачите и малото стопанство
- го промовира секторот на малото стопанство во целост
- промовира развој на претпримничката култура преку информирање и тренинг
- поддржува интеграција на домашното претприемништво и малото стопанство во меѓународниот пазар
- развива односи со ЕУ и други меѓународни институции за поддршка претприемништвото и малото стопанство
- превзема други функции поврзани со поттикнувањето на претприемништвото и конкуренцијата во малото стопанство

**ДЕЛ III.Финансирање на АППРМ**

*Член 12.*

АППРМ може да остварува средства за вршење на својата дејност од следниве извори:

1. Трансфер од Буџетот на Република Македонија по претходно донесена програма за работа на Агенцијата од страна на Владата на Република Македонија
2. Приходи од вршење на дејноста.
3. Донации.
4. Други извори кои се во согласно со законот.

Средсвата на АППРМ може да се користат само во согласност со предвидените задачи и функции на АППРМ, утврдени во ДЕЛ II од овој Статут, за покривање на потребните трошоци во врска со организацијата на АППРМ и реализацијата на нејзините активности.

**ДЕЛ IV. Начин на работа на АППРМ**

*Член 13.*

Реализирањето на проектите кои се финансиски поддржани од Владата на Република Македонија се остваруваат преку регионалните центри и новите локални центри како и останатите институции од институционалната мрежа за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото.

*Член 14.*

АППРМ за реализација на мерките и активностите од Програмата може да соработува со институции чиј предмет на работа е поддршка на претприемништвото и малото стопанство, како што се:

- Фондации за поддршка на претприемништвото и малото стопанство;
- Институции за поддршка на претприемништвото основани од единиците на локалната самоуправа;
- Развојни центри за трансфер на технологија;
- Претприемачки инкубатори;
- Еуро-инфо центри;
- Приватни консултанти
- Други институции и организации кои даваат поддршка на претприемништвото

*Член 15.*

АППРМ врши постојан надзор на реализацијата на проектите и услугите доверени за реализација на институциите од институционалната мрежа за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото.

## ДЕЛ V. Органи на АППРМ

*Член 16.*

Органи на АППРМ се Управен Одбор и Директор

*Член 17.*

Со работата на АППРМ управува Управниот одбор.

Управниот одбор има 5 члена и се состои од:
-Претставник на Министерството за економија
-4 претставници на здруженијата на правни и физички лица од областа на стопанството, деловните банки, донаторите и експертите

*Член 18.*

Управниот одбор од редот на своите членови избира Претседател на Управниот одбор.
Мандатот на Претседателот и членовите на Управниот одбор е 4 години со право на повторен избор.

*Член 19.*

Управниот одбор се состанува најмалку од 4 пати во годината.

Претседателот на Управниот одбор го закажува состанокот на Управниот одбор со однапред утврден дневен ред.

Состаноците на Управниот одбор ги води Претседателот на Управниот одбор. Во случај на негово отсуство со состанокот раководи потпретседателот кој го именува Претседателот на Управниот одбор.

Управниот одбор може да донесува одлуки само доколку половина од неговите членови се присутни на состанокот. За да се донесе одлуката потребно е апсолутно мнозинство.

За секој состанок се води записник кој треба да се достави до членовите на Управниот одбор најдоцна десет (10) дена од денот на одржување на состанокот.

Управниот одбор донесува Деловник за работа со кој се регулира начинот и постапката на работа на Управниот одбор.

*Член 20.*

Управниот одбор ги има следниве надлежности:
- донесува статут на АППРМ;
- се грижи за спроведувањето на деловната политика на АППРМ;
- донесува програма за работа и развој на АППРМ;
- именува и разрешува Директор на АППРМ;
- разгледува и одобрува месечните извештаи за активностите на АППРМ;
- донесува годишен финансиски план;
- усвојува годишна финансиска сметка на АППРМ;
- донесува критериуми за избор на институции за соработка во остварувањето на својата функција и врши нивен избор;
- донесува методологија на подготовка и следење на работните проекти од малото стопанство;
- донесува општи акти за организација и систематизација и други општи акти на АППРМ;
- одлучува во втор степен по поединечните акти од работен однос донесени од Директорот на АППРМ;
- утврдува критериуми за користење и располагање со средствата остварени со работењето на АППРМ;
- врши формална оценка на работата на директорот на АППРМ секои шест месеци;
- донесува одлуки за други прашања сврзани со остварување на надлежностите на АППРМ и врши и други работи утврдени со закон.

*Член 21.*

Со работата на АППРМ раководи Директор.

Директорот одговара за својата работа и за законитоста на работата на АППРМ пред Управниот одбор.

Директорот на АППРМ може да определи заменик кој ќе го заменува во случај на негово отсуство.

*Член 22.*

Управниот одбор го именува и разрешува Директорот.
Мандатот на Директорот трае четири (4) години со можност за повторен избор.

*Член 23.*

Директорот на АППРМ ги има следниве надлежности:

- ја претставува и застапува АППРМ;
- изготвува програма за работа и финансиски план за потребните средства и нивните извори;
- учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој;
- врши усогласување на деловните активности на АППРМ;
- именува и разрешува работници на работни места со посебни овластувања и одговорности;
- врши и други извршни работи во врска со работата и работењето на Агенцијата;
- ја организира работата на АППРМ;
- раководи со стручната служба на АППРМ;
- донесува поединечни акти за вработените од областа на работните односи;
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор и
- одлучува и за други работи утврдени со Статутот на Агенцијата..

## ДЕЛ VI. Внатрешна организација на АППРМ

*Член 24.*

Внатрешната организација и систематизација на работите и работните задачи, внатрешната организација, работните места, посебните услови за засновување на работен однос на вработените во АППРМ и нивното распоредување во АППРМ се утврдува со Правилник.

*Член 25.*

Стручните, административно-техничките, помошните и другите работи за потребите на АППРМ ги врши стручната служба на АППРМ.

**ДЕЛ VII. Известување и надзор во работењето**

*Член 26.*

АППРМ за своето работење и за користењето на средствата поднесува извештај до Министерството за економија и Владата на Република Македонија.

**ДЕЛ VIII. Преодни и завршни одредби**

*Член 27.*

Измени и дополнување на статутот се врши во постапка која е пропишана за неговото донесување.

Автентично толкување на Статутот, во целост и на поединечни негови одредби, дава неговиот доносител односно Управниот одбор на АППРМ.

*Член 28.*

Овој Статут влегува во сила наредниот ден по објавувањето на огласната табла на Агенцијата, а ќе се објави по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Во Скопје, 3.02.2004 год.

**АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Димитар Мојсовски**

Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија АППРМ СКОПЈЕ